

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

---

# ПАРЛАМЕНТАРЕН КАЛЕНДАР
## - студија -

---

Изработил: Даниел Стојановски

Скопје, мај 2017 година

## Резиме

Во дваесетина домови на парламенти во Европа кои беа анализирани од Парламентарниот институт можеме да увидиме различни практики на парламентарни календари. Притоа, се забележува разлика помеѓу парламентите кои работат на сесии, во споредба со парламентите кои се во постојано заседание. Како по правило, парламентите кои заседаваат на сесии имаат календари кои покриваат поголем временски период, најмногу до две години, на пример есенска и пролетна сесија на соодветниот парламент.

Праксите низ анализираните парламенти ни покажуваат дека во парламентарните календари најчесто се вклучуваат планирани датуми за пленарни седници, а во некои од парламентите се планираат и нивни резервни датуми доколку не се исцрпи зацртаниот дневниот ред. Понатаму, кај дел од парламентите, исто така, се планираат и датумите за седниците на работните тела иако оваа пракса поретко се забележува во споредба со датумите за пленарни седници. Во најголем дел од домовите и земјите во календарите се водат и неработните денови. Исто така, некои од парламентите во календарите вклучуваат и денови за работа на пратениците во конституиенците

Форматите на календарите и нивната достапност варираат, па така имаме примери кога календарите се достапни на интранет и/или интернет, не секаде постои верзија за печатење на календарот, постојат парламенти кои имаат џебни верзии на календарите, постојат ситуации кога парламентите имаат повеќе видови на формати (.pdf, xls, А5-формати и А4-формати, ics, check-card format, DIN A6, DIN A5, DIN A4, 920 mm*650 mm), а постојат и парламенти кои имаат софистицирани ИТ-десктоп и мобилни апликации, па дури и адаптибилност на календарот согласно потребите на корисникот.

Дополнително, од оваа студија може да се заклучи дека деталноста на календарите на парламентите варира, па така некои од парламентите во планирањето вклучуваат и дополнителни термини за меѓународни активности, посети на делегации, седници на Европарламентот, различни активности на претседател на парламент и седници на најразлични совети. Во овој контекст вреди да се спомене дека некои од парламентите имаат дури и две верзии на парламентарниот календар, една која опфаќа поголем временски период и истата е помалку детална и втора верзија кога е подетална, но покрива пократок временски период.

На крајот на оваа истражувачка работа се разработува и сликовито прикажува практиката на закажување на седници во македонскиот законодавен дом како дел од собранискиот календар, при што може да се увиди дека најчесто не постои практика на однапред утврдени термини за пленарни седници и за седници на работни тела, туку истите се закажуваат ад хок откако ќе се знае точниот дневен ред.

## Вовед

Оваа студија претставува истражувачка работа на сопствена иницијатива на Парламентарниот институт согласно член 2 и 3 од Правилникот за вршење на надлежностите. Цел на оваа студија е да претстави најразлични специфичности на парламетарни календари во дваесетина дома на парламенти од Европа, вклучувајќи сликовит приказ на практиката и роковите на закажување на пленарни седници во Собранието на Република Македонија. При изработка на оваа студија се користат примарни извори, пред се податоци од самите парламенти, како и секундарни извори[1].

## I. Специфичности на парламентарни календари

Во оваа поглавје Парламентарниот институт ги претставува специфичностите на различните парламентарни календари низ европските земји.

Па така, на пример, во **Австрија за двата дома (Натионалрат - Nationalrat и Бундесрат – Bundesrat)** постои еден џебен календар; календарот ги вклучува датумите на планираните денови за пленарни седници и претставува преглед на неделите во кои може да се одржуваат седници на Комитетите; календарот е достапен во хартиена форма и е инкорпориран на онлај-календар апликација на парламентарниот интранет и не постои можност да се пристапи кон верзија за печатење на календарот. Во времето кога е изработена оваа студија[2] Австрискиот парламент ги има планирано датумите за пленарни седници и седници на комитети до јули 2018 година[3].

**Хрватскиот сабор** согласно Уставот заседава двапати годишно: помеѓу 15 јануари и 15 јули и помеѓу 15 септември и 15 декември, согласно Деловникот за работа во овие периоди парламентот заседава еднаш месечно, а доколку е потребно и почесто се до исцрпување на агендата. Временско ограничување на дебатата не е пропишано, а исто така Деловникот не пропишува правење на календар, но тоа не го спречува Хрватскиот сабор да објавува најава на активности за околу 3 месеци нанапред во зависност од сесијата на Саборот.[4]

**Кипарскиот парламент** не користи календар, но се знае однапред дека по правило помеѓу септември и јуни, пленарните седници се одржуваат секој четврток, освен ако не е поинаку најавено (на пр. вонредни седници); датумот за секоја пленарна седница се објавува и циркулира (и на интернетската страна и во печатена верзија) откако ќе се комплетира агендата на пленарната седница (вообичаено неколку дена пред седницата).

**Претставничкиот дом** (Долниот дом) **на Република Чешка** користи календар кој се одобрува од Управувачки комитет за пола година и е поделен на шестнеделни циклуси при што планирани се:

- Првите две недели за комитетите;

[1] Тука пред сѐ се мисли на одговорите на парламентите на Прашалникот бр. 2646 достапен на ЕЦПРД-мрежата (Европски центар за парламентарно истражување и документација) https://ecprd.secure.europarl.europa.eu/ecprd/pub/about.do

[2] Мај 2017 година

[3] Календар на Австрискиот парламент достапен на https://www.parlament.gv.at/POOL/SWBRETT/80400/0010/Arbeitsplan_(Jaenner_bis_Juli_2018).pdf

[4] Најава на активности на Хрватскиот сабор http://www.sabor.hr/najave-aktivnosti0001

- Третата недела (т.н. Недела за конституенците) пратениците работаат во своите изборни единици;
- Четвртата и петтата недела се одржуваат пленарни седници;
- Шестата недела (т.н. Варијабилна недела) резервирана за можни продолженија на пленарните седници ако две недели не се доволни за исцрпување на агендата.

Календарот е во електронска и постои верзија за печатење и тоа на чешки и на англиски јазик[5].

Во **Кралството Данска во Фолкетингет (Folketinget)** постои печатен џебен четиристран парламентарен календар; кој вклучува датуми на планирани пленарни седници, празници и датуми на одредени патувања на парламентарни делегации, но не и за седници на комитети. Календарот[6] е достапен во електронска и форма за печатење за периодот 2016-2017[7], како и за 2017-2018 година[8].

Следен пример за парламентарен календар разработен во оваа студија е календарот на **Парламентот на ФИНСКА - Едускунта (Eduskunta)** при што Парламентарната канцеларија изработува двогодишен календар за есенската и пролетната сесија; истиот се одобрува од Совет на спикерот; содржи општ опис на седниците (главните точки од агендата) и информации за некој главни настани (покрај седници) во неделата во која се случуваат; а календарот е достапен на интранет, интернет и има верзија за печатење[9].

Во **С.Р. Германија во Бундесратот (Bundesrat)** (Горниот дом) парламентарниот календар е достапен електронски на интернетската страница на Бундесратот, го има во верзија за печатење, може да се спушти (интегрира) електронски преку електронската службена пошта (Outlook), но го нема печатен. Парламентарниот календар ги вклучува сите датуми за пленарни седници и седници на комитети, настани на Претседателот на Бундесратот, меѓународни состаноци и настани за медиуми, како и завршените седници.

Парламентарниот календар на долниот дом на **С.Р. Германија - Бундестаг (Bundestag)** е достапен на: интернетската страница на Бундестагот, во хартиена верзија, во различни формати (check-card- format, DIN A6, DIN A5, DIN A4 и 920 mm*650 mm); истиот ги вклучува сите датуми на пленарните недели, седниците на Бундесратот[10] и Европскиот парламент, како и меѓународни состаноци.[11] Целогодишниот календарот е исто така и сликовито прикажан и лесно разбирлив[12].

Во **Литванија во Сеимас (Seimas)** календарот претставува распоред во кој се специфицираат деновите алоцирани за пленарни седници, седници на комитети,

[5] Календар на состаноци за прва половина на 2017 година на Чешкиот претставнички дом на http://www.psp.cz/en/sqw/hp.sqw?k=200
[6] Белешка на авторот. Оваа студија е пишувана во мај 2017 година
[7] Календар на Данскиот парламент 2016 – 2017 http://www.ft.dk/Aktuelt/Kalender/Folketingssalen/Aar.aspx
[8] Календар на Данскиот парламент 2017 – 2018 http://www.ft.dk/Aktuelt/Kalender/Folketingssalen/~/media/PDF/om_folketinget/Salen/M%C3%B8deplan%20for%20folketings%C3%A5ret%202017-18%201.%20udgave.pdf.ashx
[9] Календар на Финскиот парламент достапен на https://www.eduskunta.fi/FI/sivut/page-not-found.aspx (на Фински јазик)
[10] Белешка на авторот: Бундестагот во својот календар ги води и ги планира и седниците на Бундесратот
[11] Календар на Бундестаг http://www.bundestag.de/sitzungskalender
[12] Календар за 2017 година http://www.bundestag.de/blob/433676/98847e5c1adc7dd51eba2bfabc34a655/sitz_pdf_17-data.pdf

состаноци на политички групи, состаноци на Одборот на Сеимас, конференции на претседателите, како и денови за работа на пратениците во конституиенците. Парламентарниот календар е достапен како на интернетската страница на Сеимас така и на интранетот како xls-документ, постои верзија која може да се печати, а се издава печатена верзија (А4) двапати годишно за двете редовни парламентарни сесии: 1) пролетна (март до јуни) и 2) есенска (септември до декември)[13].

Во **Луксембург во Шамбре де Депутес (Chambre des Députés)** се користи календар за планираните пленарни седници[14] и седниците на комитетите[15]. Календарите се достапни на интранет, на интернетската страна на парламентот, а достапна е и верзија за печатење.

За **Парламентот на Република Полска** и двата дома и **Сејм и Сенат** (**Sejm, Senate)** имаат календар при што Сејм користи 6 месечен календар[16] само за пленарните седници, истиот е достапен  електронски, а постои можност да се пристапи и кон верзија за печатење. Календарот на Сенат, исто така, е достапен електронски со верзија за печатење.

Во **Република Португалија** распоредот на работа на парламентот се одредува од Конференција на лидери на секои 2 недели, која е проследена со записник од секој состанок во кој е содржан парламентарен календар кој вклучува:

- Датуми на пленарни седници,
- Датуми за седници на комитети и контакт со електоратот и
- Период на пауза (незаседавање).

Записникот се дистрибуира до засегнатите страни преку email и е достапен на интранетот. Овој информациски бележник (т.н "Information Bulletin") може да се најде на интернет страната на парламентот[17], како и во верзија за печатење во .pdf формат.

Двата дома на парламентот на **Романија – Камера депутатилор и Сенат (Camera Deputatilor; Senat)** имаат неделен и дневен календар достапен на интернет[18], а календарите имаат и верзија за печатење.

Парламентот на **Словачката Република – Народна рада (Narodna Rada)** користи календар кој ги вклучува датумите за планираните денови за пленарни седници, состаноци на комисии, крајни рокови, како и изборни денови. Истиот е достапен електронски на интернетската страна, може да се најде во хартиена верзија во А5-формат и А4-формат, постои џебна верзија и верзија за печатење (.pdf). Календарот покрива едногодишен период (2017 година)[19].

Долниот дом на **Република Словенија – Државни збор (Državni zbor)** согласно Деловникот, на крајот на секоја година, преку Советот на Претседателот на парламентот усвојува Годишна работна програма на Државниот збор. Оваа програма на Домот се состои од: Годишната програма за работа на Владата,

[13] Парламентарен календар на Сеимас http://www3.lrs.lt/pls/inter/w5_show?p_r=231&p_k=1
[14] Календар на пленарните седници на Парламентот на Луксембург достапен на www.chd.lu -> Travail à la Chambre -> Séances publiques -> Calendrier des séances
[15] Календар на комисиите на Парламентот на Луксембург достапен на www.chd.lu -> Travail à la Chambre -> Commissions -> Calendrier des commissions
[16] Календар на Сејмот http://www.sejm.gov.pl/Sejm8.nsf/terminarz.xsp?rok=2017
[17] Информациски бележник на Португалскиот парламент http://app.parlamento.pt/BI2/
[18] Парламентарен календар на Сенатот на Романија http://www.senat.ro
[19] Календар на Словачкиот парламент http://www.nrsr.sk/web/Static/sk-SK/Schodze/harmonogram_2017.pdf

потребното време за консултација помеѓу парламентарните групи и работа во конституиенците, како и од периодот на пауза исто така дефиниран со Деловникот. Годишната програма за работа е достапна за јавноста, може да се печати и истата вклучува датуми за:

- Редовни пленарни седници и резервни датуми;
- Седници на комитети;
- Работа во конституиенци (изборни единици);
- Работа на парламентарни групи;
- Состаноци на постојани делегации на парламентот во меѓународни институции кои се знаат однапред.

Советот на Претседателот исто така усвојува детални временски распореди за работа за најмалку 2 месеци. Овој двомесечен детален парламентарен календар е исто така достапен за јавноста и вклучува распоред на пленарни седници[20], седници на работни тела[21] состаноци на Советот на претседателот[22] како и пратенички прашања и иницијативи[23]. Сите овие се достапни само на Словенечки јазик.

За **Сенатот на Шпанија - Сенадо (Senado)** процедурата е таква што пред почеток на секоја сесија (февруари и септември) Бирото на Домот одобрува календар за пленарни седници за тој период. Календарот за пленарни седници, како и седници на комитети е достапен на интернет[24] и интранет, а постои и верзија за печатење. Календарот во случајов е двогодишен, односно за 2016 и 2017 година.

Примерот на **Кралството Шведска – Риксдаг (Riksdag)** ни покажува една специфика на постоење на календар кој нема интернет линк за пристапување, а вклучува распоред и за пленарни седници и за седници на комитети. Во Парламентот на Шведска повеќе не се дистрибуираат хартиени верзии, а до календарот може да се пристапи преку: внатрешно развиена ИТ-апликација (Safir) (од која може да се печати), интранетот на Риксдаг или преку внатрешно развиена мобилна апликација (Kammarappen). Календарот нема интернетски линк преку кој може да се пристапи.

Календарот претставува селекција на информации за работа на Домот прилагодени за пратеници, партиски секретаријати и службата во Риксдаг. Па така на пример тој може да содржи:

- ТВ- и радио-емитувања од Домот (внатрешна продукција);
- Распоред на седници на Домот вклучувајќи распоред за гласање и денови/недели без пленарни седници;
- Агенда и листа на говорници;
- Периоди за приватно време на пратениците за предлози;
- Информации за пратениците (контакт и задолженија);

[20] Календар на пленарни седници Државни збор – Сповенија https://www.dz-rs.si/wps/portal/Home/deloDZ/seje/sejeDrzavnegaZbora/PoDatumuSeje

[21] Календар на седници на работни тела на Државни збор – Сповенија https://www.dz-rs.si/wps/portal/Home/deloDZ/seje/sejeDt/poDatumu

[22] Календар на состаноци на Советот на претседателот Државни збор – Сповенија https://www.dz-rs.si/wps/portal/Home/deloDZ/seje/sejeKPDZ/poDatumu

[23] Распоред на пратенички прашања и иницијативи Државни збор – Сповенија https://www.dz-rs.si/wps/portal/Home/deloDZ/poslanskaVprasanjaInPobude

[24] Календар на Шпанскиот Сенат достапен на http://www.senado.es/web/actividadparlamentaria/sesionesplenarias/pleno/rwdsesionespleno/index.html

- Неодамнешни интерпелации, писмени прашања и предлози од пратеник;
- Правила поврзани со дебати во Домот.

Во **Обединетото Кралство** за двата дома Домот на лордовите (**House of Lords) и Претставничкиот дом (House of Commons)** има различен календар, при што календарот за Домот на лордови е всушност официјален распоред кој е уреден и прикажан во Документ за работа на Домот. Овој документ го изработува Администрацијата на Домот на лордови и достапен и во .пдф-верзија. Додека пак Претставничкиот дом (House of Commons) има сумирана верзија на распоредот, каде е утврдено времетраењето на седниците. Интересна специфика во Британскиот парламент е што Владината канцеларија на Whip објавува неделен распоред, како и индикативни Следни прашања за работа (Forthcoming Business) и за двата дома (.пдф-верзија).[25]

[25] Календар на двата Дома во Обединетото Кралство http://calendar.parliament.uk/

## II. Собраниски календар во Република Македонија

### а) Рокови на закажување на седници во Собранието на Република Македонија

Во Деловникот на Собранието на Република Македонија[26] и Законот за Собранието на Република Македонија[27] не се пропишува постоење на календар, туку само се уредуваат роковите на закажување на седниците и вклучените работни тела.




[26] Членови 60, 62, 67, 68, 120, 137, 140 , Деловник на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.91/2008, бр.119/2010, бр.130/2010, бр.23/2013)
[27] Членови 20, 24, 26, 29 од Закон за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.104/2009).

## б) Практика на закажување на пленарни седници во Собранието на Република Македонија



# Листа на извори


1. Прашалникот бр. 2646 достапен на ЕЦПРД мрежата (Европски центар за парламентарно истражување и документација
2. Календар на Австрискиот парламент достапен на https://www.parlament.gv.at/POOL/SWBRETT/80400/0010/Arbeitsplan_(Jaenner_bis_Juli_2018).pdf
3. Најава на активности на Хрватскиот сабор http://www.sabor.hr/najave-aktivnosti0001
4. Календар на состаноци за прва половина на 2017 година на Чешкиот претставнички дом на http://www.psp.cz/en/sqw/hp.sqw?k=200
5. Календар на Данскиот парламент 2016 – 2017 http://www.ft.dk/Aktuelt/Kalender/Folketingssalen/Aar.aspx
6. Календар на Данскиот парламент 2017 – 2018 http://www.ft.dk/Aktuelt/Kalender/Folketingssalen/~/media/PDF/om_folketinget/Salen/M%C3%B8deplan%20for%20folketings%C3%A5ret%202017-18%201.%20udgave.pdf.ashx
7. Календар на Финскиот парламент достапен на https://www.eduskunta.fi/FI/sivut/page-not-found.aspx (на Фински јазик)
8. Календар на Бундестаг http://www.bundestag.de/sitzungskalender
9. Календар за 2017 година http://www.bundestag.de/blob/433676/98847e5c1adc7dd51eba2bfabc34a655/sitz_pdf_17-data.pdf
10. Парламентарен календар на Сеимас http://www3.lrs.lt/pls/inter/w5_show?p_r=231&p_k=1
11. Календар на комисиите на Парламентот на Луксембург достапен на www.chd.lu -> Travail à la Chambre -> Commissions -> Calendrier des commissions
12. Календар на пленарните седници на Парламентот на Луксембург достапен на www.chd.lu -> Travail à la Chambre -> Séances publiques -> Calendrier des séances
13. Календар на Сејмот http://www.sejm.gov.pl/Sejm8.nsf/terminarz.xsp?rok=2017
14. Информациски бележник на Португалскиот парламент http://app.parlamento.pt/BI2/
15. Парламентарен календар на Сенатот на Романија http://www.senat.ro
16. Календар на пленарни седници Државни збор – Сповенија https://www.dz-rs.si/wps/portal/Home/deloDZ/seje/sejeDrzavnegaZbora/PoDatumuSeje
17. Календар на седници на работни тела на Државни збор – Споvenија https://www.dz-rs.si/wps/portal/Home/deloDZ/seje/sejeDt/poDatumu
18. Календар на состаноци на Советот на претседателот Државни збор – Споvenија https://www.dz-rs.si/wps/portal/Home/deloDZ/seje/sejeKPDZ/poDatumu
19. Распоред на пратенички прашања и иницијативи Државни збор – Споvenија https://www.dz-rs.si/wps/portal/Home/deloDZ/poslanskaVprasanjaInPobude
20. Календар на Шпанскиот Сенат достапен на http://www.senado.es/web/actividadparlamentaria/sesionesplenarias/pleno/rwdsesionespleno/index.html
21. Календар на двата Дома во Обединетото Кралство http://calendar.parliament.uk/
22. Календар на Словачкиот парламент http://www.nrsr.sk/web/Static/sk-SK/Schodze/harmonogram_2017.pdf
23. Деловник на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.91/2008, бр.119/2010, бр.130/2010, бр.23/2013).
24. Закон за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.104/2009).